# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 5 ноември 1965
Скопје
Број 38 Год. XXI

Претплата за 1965 год. изнесува 2.500 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 401-1-698.


**361.**

Врз основа на член 56 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65, Извршниот совет донесува

### УРЕДБА
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ СОВЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА ПРИ РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СТОПАНСКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Се образува Совет за економски прашања при Републичкиот завод за стопанско планирање (Совет).

Советот го сочинуваат претседател и 8 члена што ќе ги именува Извршниот совет со посебно решение.

Член 2

Задачата на Советот е да ги следи и проучува побитните појави и прашања на стопанскиот развиток на Републиката и на Извршниот совет и Републичкиот завод за стопанско планирање, им дава предлози и мислења по тие прашања, како и да дава мислења по оделни материјали што ќе му ги упати Извршниот совет.

Член 3

Вршењето на административните и техничките работи на Советот го обезбедува Републичкиот завод за стопанско планирање.

Член 4

Средствата за работењето на Советот се искажуваат одделно во буџетската претсметка на Републичкиот завод за стопанско планирање.

Наредбодател за извршување на финансовиот план на Советот е претседателот на Советот.

Член 5

Советот работи на седници.

Начинот на работа на седници Советот го утврдува со деловник.

Член 6

За работењето во Советот, на членовите им припаѓа надоместок Надоместок може да се определи и кога им се доверува изготвување на извештаи по одделни прашања што се на дневен ред на седница на Советот, изработка на нацрти на мислења, предлози и заклучоци што ги донесува Советот.

Надоместок по претходниот став им припаѓа и на другите стручни лица што не се членови на Советот ако се повикани да присаствуваат на седница или им е поверено изготвување на материјали за потребите на Советот.

Надоместокот го определува Извршниот совет со посебен акт.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-1970/1
29 септември 1965 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р

---

**362.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 3 од Законот за високото школство во СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЕЛЕКТРО-МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I. Се именуваат за членови на Советот на Електро-машинскиот факултет во Скопје

а) на една година

1 БОРО ДОГАНЏИСКИ, претседател на Вишиот стопански суд на СРМ;

2. инж. ДУШКО КАНЧЕВ, главен диспечер на Претпријатието за производство и пренесување на електрична енергија „Електростопанство“ во Скопје;

3. инж ИЛИЈА ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ, главен инженер во погон во Претпријатието во основање Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје и

4. инж. ВЛАДО ШУТЕВСКИ, раководител на машинско одржување на погон во Органско-хемиската индустрија „Наум Наумовски — Борче“ во Скопје.

б) на две години

1 инж. ИВАН ГЕОРГИЕВ, шеф на предавател на Радио-телевизија Скопје;

2. инж. ХАРИ ПАСКАЛЕВСКИ, главен инженер во Хемиско-електрометалуршкиот комбинат „Југохром“ во с. Јегуновце и

3. БОРО ПЕКЕВСКИ, директор на Републичкиот завод за статистика.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 17-2510/1
18 октомври 1965 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р

---

**363.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 3 од Законот за високото школство во СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 15/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I. Се именуваат за членови на Советот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје:

а) на една година

1) инж. ХРИСТО ГЕОРГИЕВСКИ, главен инженер во Органско хемиската индустрија „Наум Наумовски-Борче" во Скопје;

2) ЃОРЃИ ИКОНОМОВ, директор на Фабриката за алкалоиди и хемиско-фармацеутски производи „Алкалоид" во Скопје и

3) д-р ДИМЧЕ ТОШЕВ, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

б) на две години

1) инж. ЗДРАВКО КОВАЧЕВСКИ, директор на развојниот сектор на Фабриката за стакло и стаклена волна во Скопје;

2) ПАВЛЕ ТАСЕВСКИ, помошник на директорот на Републичкиот завод за стопанско планирање;

3) инж. БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ, помошник на републичкиот секретар за индустрија и трговија и

4) ЃОРЃИ ЦАЦА, секретар на Секретаријатот за законодавство и организација.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 17-2511/1
18 октомври 1965 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р.

**364.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 3 од Законот за високото школство во СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 15/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I. Се именуваат за членови на Советот на Архитектонско-градежниот факултет во Скопје

а) на една година

1) инж. СЛАВКО БРЕЗОВСКИ, архитект во Претпријатието за проектирање „Македонија-проект" во Скопје;

2) РАМОНА ДЕНОНА, судија на Општинскиот суд II во Скопје;

3) инж. КИРО ПАВЛОВ, директор на Проектанското претпријатие „Мелиопроект" во Скопје и

4) БЛАЖО РИСТОМАНОВ, директор на Градежното претпријатие „Бетон" во Скопје.

б) на две години

1) ДРАГАН БОШЊАКОВСКИ, потпретседател на Здружението на ликовните уметници за применета уметност на СРМ;

2) КОСТАДИН ТУЏАРОВ, помошник на директорот на Републичкиот завод за стопанско планирање; и

3) инж. ВЛАДО ЌОСЕВ, помошник на републичкиот секретар за индустрија и трговија

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

Број 17-2509/1
18 октомври 1965 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р

---

**365.**

Врз основа на член 20 став 2 во врска со член 32 од Законот за театрите и другите сценско-уметнички установи („Службен весник на СРМ" бр 16/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ФИЛХАРМОНИЈАТА НА СР МАКЕДОНИЈА

I. Се разрешува од должноста директор на Филхармонијата на СРМ Тодор Скаловски, по негово барање.

II. Се именува за директор на Филхармонијата на СРМ Ванчо Чавдарски, диригент.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 17-2506/1
18 октомври 1965 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р

**366.**

Врз основа на член 14 од Законот за угостителската дејност на граѓаните („Службен весник на СРМ“ бр. 28/65), Републичкиот секретар за труд во согласност со Републичкиот секретар за индустрија и трговија донесува

## УПАТСТВО
## ЗА ПРОВЕРУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА САМОСТОЈНО ОБАВУВАЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

1. Со ова упатство се уредува начинот и постапката за проверување стручна оспособеност за самостојно обавување на угостителската дејност.

2. Стручната оспособеност од претходната точка се проверува и утврдува преку стручни комисии што можат да се образуваат само во угостителските училишта со практична обука во Скопје и Охрид.

3. Стручната оспособеност се проверува на основа пропишаната програма (практичен дел) за стручно образование на квалификуван работник за занимањето од угостителската струка, што е потребно за самостојно обавување на угостителската дејност.

4. Комисијата од точка 2. на ова упатство ја образува со решение органот на управувањето на соодветното училиште.

5. Решението за образување на комисија особено треба да содржи:

— задача на комисијата;

— именување на претседател и членови (испитувачи);

— време (мандат) за кое се именува;

— испитни рокови.

6. Комисијата се состои од претседател и два члена.

За претседател на комисија може да се именува директорот на училиштето, а членовите се именуваат од редот на стручните наставници. Членовите имаат еднакви права и должности при спроведувањето на испитот.

7. Претседателот на комисијата е должен да ја свикува комисијата на состаноци, да раководи со испитот (проверувањето) и да се грижи за уредноста на административно-техничките работи.

8. Проверувањето на стручната оспособеност се врши, по правило, во испитни рокови.

Испитните рокови од претходниот став ги определува надлежниот орган со решението за именување на комисијата.

9. Проверувањето на стручната оспособеност се врши по писмено барање на лицето што е заинтересирано за вршење на угостителска дејност (кандидат), а не располага за тоа со пропишана стручна спрема.

Барањето од претходниот став кандидатот го поднесува со пријава до соодветното угостителско училиште, во кое сака да му се провери стручна оспособеност.

Пријавата особено содржи:

— презиме, татково име и име на кандидатот;

— дата и место на раѓањето;

— главно занимање за кое се бара проверувањето на стручната оспособеност;

— адреса на кандидатот; и

— кусо образложение за стручното оспособување во угостителската дејност.

10. Најмалку 15 дена пред утврдениот рок за полагање (проверување) комисијата ги средува предметите и прави план за спроведување на испитот. Истовремено комисијата со посебна покана ги повикува кандидатите на испит.

Во поканата, покрај другото, се назначува местото и времето за одржување на испитот (проверувањето).

11. Проверувањето на стручната оспособеност се врши врз основа на определена практична испитна задача што на кандидатот му ја одредува комисијата. Практичната задача кандидатот ја изработува во училиштето или во соодветна угостителска работна организација, под непосреден надзор на првиот и вториот член на комисијата.

12. Практичната задача се состои од извршување на една или повеќе работи од делокругот на угостителската дејност.

Задачата се определува така, што кандидатот преку нејзината изработка да покаже познавање на сите работи што се применуваат при самостојно обавување на угостителската дејност со употреба на современи средства за работа.

13. Пред да отпочне со изведување на практичната задача од претходната точка, кандидатот прави писмена документација, која треба да содржи:

— список на материјали — суровини, алат и други средства потребни за изработка на задачата; и

— економско образложение (калкулација).

Писмената документација кандидатот ја изработува под непосреден надзор на комисијата за време што ќе го определи таа, но не помалку од два часа.

14. Практичната задача кандидатот е должен да ја заврши во определено време.

Со изработената задача, односно извршената работа, кандидатот ја поднесува и писмената документација од претходната точка.

15. Извршената практична задача ја прегледува Комисијата при што кандидатот дава и образложение во врска со неа. Во образложението кандидатот е должен пред комисијата да покаже и неопходни знаења за алатите, средствата, суровините што се применуваат во угостителството, како и неопходно знаење од општа хигиена.

По прегледот на извршената практична задача, дадената одбрана на кандидатот и мислењето на првиот и вториот член на комисијата за покажаните стручни квалитети при изработката на задачата, комисијата одлучува дали кандидатот, на основа покажаниот резултат ќе може самостојно да обавува угостителска дејност. Комисијата одлучува со мнозинство на гласови и успехот го оценува со „положил“ или „неположил“.

17. Претседателот на комисијата е должен на кандидатот што не го положил испитот да му ја образложи одлуката на комисијата.

Кандидатот од претходниот став има право повторно да се јави на испит во рок што ќе го определи комисијата. Овој рок не може да биде покус од еден месец.

17. За текот на испитот се води записник по образец пропишан од Републичкиот секретаријат за труд.

Записникот се води за секој кандидат одделно, а го потпишуваат претседателот и членовите на комисијата.

18. По завршениот испит (проверување) записникот, пријавата и други евентуални прилози за кандидатите, се чуваат во училиштето како документи од трајна вредност.

На кандидатот што покажал позитивен успех, училиштето му издава уверение по образец пропишан од Републичкиот секретаријат за труд, како доказ дека лицето располага со стручна оспособеност за самостојно обавување на угостителската дејност. За издадените уверенија се води регистар.

19. Трошоците во врска со проверувањето на стручната оспособеност за самостојно обавување на угостителската дејност и учеството на кандидатите за покривање на тие трошоци се утврдуваат со акт на соодветното училиште.

20. Ова упатство влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 06-7237/2

4 октомври 1965 година

Скопје

Републички секретар за труд,
**Васка Дуганова,** с. р.

Согласен:
Републички секретар за индустрија и трговија,
**Ванчо Николовски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје се води спор по правната работа на тужителот Манџуков Божин од Скопје, ул. „11 октомври" бр. 118, против Манџукова Панајота, со непознато место на живеење за развод на бракот и утврдување на постоење на брак.

Се повикува тужената Манџукова Панајота, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да ја достави точната адреса или да се јави лично во судот. Во противен случај ќе ѝ биде определен старател од надлежното Општинско собрание во смисла на чл. 46 од ЗС, кој во предметните спорови ќе ги штити нејзините интереси

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 611/65 (230)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Пред овој суд од страна на предлагачот Доре Ристевски од с. Новаци е подигната постапка за загубени на следните обвезници: А-071957 од 1.000 динари, Б-017911 од 5.000 динари, Ц-071844 од 10.000 динари, Ц-017845 од 10.000 динари, Ц-071846 од 10.000 динари и Ц-071847 од 10.000 динари и тоа за купоните след дванаестиот. Се повикува секој оној кој ги притежава по било кој основ да се јави во судот, или стави приговор против нивното поништување, во рок од месец дена од денот на огласувањето. Во противно истите ќе се поништат.

Од Општинскиот суд во Битола, Р. бр. 77/65. (228)

---

Пред овој суд од страна на Комуналниот завод за социјално осигурување — Битола е подигната постапка за амортизација на чек. бланко бр. АБ 001514. Се повикува секој оној кој го притежава по било кој основ да се јави на судот или стави приговор против неговото поништување, во рок од 30 дена од огласувањето. Во противно истиот ќе биде поништен.

Од Општинскиот суд во Битола, Р. бр. 394/65 (229)

---

Пред овој суд од страна на лицето Петар Ангеловски од Битола е подигната постапка за амортизација на загубен чек број 110895, издаден од Комуналната банка — Битола. Се моли секој оној кој го притежава чекот по било кој основ да јави во судот, или да стави приговор против неговото поништување.

Во противно во рок од 30 дена од објавувањето, во колку не се јави никој да стави приговор против неговото поништување, ќе се смета дека истиот е поништен.

Од Општинскиот суд во Битола, Р. бр. 356/65. (231)

---

## РЕГИСТРАЦИИ НА УСТАНОВИТЕ СО САМОСТОЈНО ФИНАНСИРАЊЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на ден 19. VIII. 1965 година, рег. број 4/65, книга I, е запишана установата под назив: Општински ветеринарен центар во Прилеп. Предмет на работењето на центарот е: сузбивање на заразни болести по домашниот добиток, лекување на болен добиток, вештачко осеменување и унапредување на сточарството.

Центарот е основан со спојување на ветеринарните станици во Прилеп, Тополчани, Долнени, Кривогаштани и Мориово, а со одобрението од Општинското собрание Прилеп број 01-1304/1 од 24. III. 1965 година.

Центарот ќе го потпишува Бранислав Чупетрески, в. д. управник, и Димче Петрески, режисер.

Од Окружниот стопански суд во Битола, УС бр. 4/65. (1240)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. број 57, стр. 236, книга I е запишано под назив: Економско училиште „Моша Пијаде" — Куманово. Предмет на работењето на училиштето е: оспособување на ученици за економски техничари и обавување на сите административно финансиски работи на училиштето.

Училиштето е основано од Народниот одбор на Кумановска околија, со решението број 4860/1 од 3. VII. 1965 година.

Економското училиште ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Ѓорѓи Поповски, директор, и Пачковски Петар, службеник, во границите на овластувањето.

Економското училиште „Моша Пијаде" во Куманово е конституисано на 9. XI. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, УС бр. 54/65. (1246)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. број 52, страна 212, книга I, е запишана под фирма: Гимназија „Ѓорѓи Димитров“ — Скопје, населба „Тафталиџе“, улица „801“. Основна дејност на гимназијата е образование и воспитување на младинци.

Гимназијата е основана од Градското собрание на град Скопје, со решение број 7068/1 од 23. VIII 1965 година.

Гимназијата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Васил Чипов, в. д. директор, и Ивановска Нада, секретар-режисер, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, УС бр. 39/65. (1249)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. број 53, стр. 216, книга I, е запишан под назив: Институт за социолошки и политичко правни истражувања — Скопје, Студентска населба кај Педагошката академија. Предмет на работењето на Институтот е:

— научно да ги проучува социолошките и политичко-правните појави во Југославија, да го поттикнува и организира проучувањето на прашањата од социолошките и политичко-правните науки и од развитокот на општеството, да ги разработува и усовршува истражувачките методи во општествените науки;

— да работи на усовршувањето на научните кадри и да подготвува научен подмладок во областа на социолошките и политичко-правните науки;

— да обезбедува материјални и други услови за студиска и истражувачка работа;

— да организира разни форми на работа со стручните кадри заради нивно оспособување за самостојна научна работа;

— да организира собирање на документација за изведување на практичната настава и вежбите за наставата на факултетите од општествените науки на Универзитетот во Скопје;

— да обезбедува настава од сите степени по општествени науки за сите факултети на Универзитетот во Скопје;

— да организира претставување на проблеми од областа на социолошките и политичко правните науки по пат на советувања, дискусии и други годни форми;

— да ги обавува и непосредно ги соопштува резултатите од својата научно истражувачка работа;

— да издава публикации;

— да развива сестрана научна соработка со соодветните установи, организации и поединци што се занимаваат со проучување на социолошките и политичко правните науки во Југославија и во странство.

Институтот е основан од Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје со одлука број 01-4/32 од 1. VI. 1964 година, потврдена со решение на Извршниот совет на СРМ — Скопје број 09-182/1 од 5. II. 1965 година.

Институтот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Д-р Александар Христов, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 53/65. (1253)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. број 51, стр 208, книга I, е запишана под назив: Виша школа за физичка култура — Скопје. Предмет на работењето на Школата е: подготвување виши стручни кадри за изведување настава по физичко воспитување во училиштата, за организирање физичка рекреација во работните организации и наставна дејност во општествените организации за физичка култура и ги остварува другите задачи определени со Законот за високото школство во Социјалистичка Република Македонија.

Вишата школа за физичка култура е основана од Собранието на СРМ — Скопје („Службен весник на СРМ“ бр. 27/65).

Вишата школа за физичка култура — Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Вељковиќ Драгослав, претседател на Матичната комисија, именувана од Извршниот совет на СРМ со решението број 09-2003/1 од 20. IX. 1965 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 51/65. (1252)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите под рег. број 54, страна 222, книга I, е запишано следното: Досегашниот директор на Здравствената станица при Фабриката за рабни цевки и метална конструкција „11 октомври“ во Куманово, д-р Страхил Георгиев, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на станицата е назначен со решение на Советот на Здравствената станица број 02-296/2 од 22. IX. 1965 година д-р Љубиша Мишевски, лекар од општа пракса. Тој здравствената станица ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 14. X. 1965 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 52/65. (1247)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите под рег. број 47, страна 192, книга I е запишано следното: Досегашниот директор на Здравствениот дом Кисела Вода — Скопје д-р Миле Чичевалиев е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Здравствениот дом е назначен д-р Миле Миланов. Тој домот ќе го потпишува, задолжува со старите регистрирани потписници и тоа: Киприновски Борис, пом директор, и Цони Јак, шеф на сметководството, сметано од 16. IX. 1965 година.

Со решението број 4136 од 27. IV. 1958 година на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје е одобрено конституисањето на Здравствениот дом Кисела Вода — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 25/65. (1248)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите под рег. број 46, страна 188, книга I, е запишано следното: Согласно со одлуката на Земјоделската станица на НО на Скопска околија — Скопје број 295 од 15. IX. 1965 година и согласноста на Одделението за стопанство на Собранието на општината Кале — Скопје број 26492 од 14. X. 1965 година дејноста на Земјоделската станица на НО на Скопска околија — Скопје во иднина се проширува и со: спроведување на нови агротехнички мерки за широките земјоделски маси преку:

— заштита на растенијата од болести и штетници;

— агропедолошки испитувања на почви;

— апробирање и семеконтрола на семенски материјали и здравни прегледи на посадочен материјал и земјоделски производи;

— агроекономика со планирање и кооперирање во земјоделското производство на стопанските организации и индивидуални производители;

— контрахирање, откуп и кооперирање со индустриски култури и лековити растенија;

— снабдување, услуги и промет за своја сметка и за сметка на други стопански организации и индивидуални производители со следните производи·

а) сите видови земјоделски прехранбени производи,

б) сите видови добиток, добиточна храна и сточни производи,

в) сите видови семенски и посадочен материјал,

г) сите видови житарици и млински преработки;

д) сите видови преработки од овошје, грозје, градинарски култури, алкохолни и безалкохолни пијалоци,

ѓ) сите видови репродукциони материјали: хемиски средства, препарати за заштита на растенијата, вештачки ѓубрива и др. превентивни средства за земјоделството и сточарството,

е) сите видови земјоделски машини, справи, прибор, алат, гуми, моторни возила, резервни делови, како и откуп, продажба и пренос на употребувани (стари) делови, алати и основни средства,

ж) сите видови метална стока, јутена, книжна и др. амбалажи,

з) сите видови градежен, огревен и погонски материјал,

и) сите видови средства за капитална изградба.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 42/65. (1250)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите под рег. број 46, страна 188, книга I е запишано следното: Согласно со одлуката на Советот на работната заедница на Земјоделската станица на НО на Скопска околија — Скопје број 295 од 15. IX. 1965 година фирмата на Земјоделската станица на НО на Скопска околија — Скопје се менува и во иднина ќе гласи: Центар за унапредување на земјоделството, услуги, снабдување, планирање и промет во земјоделството — Скопје, кеј „Димитар Влахов“ број 9, а скратен назив „Агроцентар“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 43/65. (1251)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите под број 31, страна 128, книга I е запишано следното: Ветеринарната станица во Титов Велес е конституисана на ден 15. IX. 1965 година, согласно со одлуката на работната заедница бр. 200/2 од 22. IX. 1965 година од одржаната седница на 15. IX. 1965 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 37/65. (1254)

---

## РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 860, страна 1183, книга III, е запишано под фирма: „Народна техника“ — трговско претпријатие на големо и мало — Скопје, улица „Партизанска“ број 16. Предмет на работењето на претпријатието е: купопродажба на предмети означени во номенклатурата од областа на внатрешниот стоковен промет, како следува: електротехнички материјали и прибор; железна и метална стока; средства и прибор; фотографски и оптички апарати, инструменти и прибор; научни апарати, инструменти и прибор; радио-телевизори и прибор; спортски прибор за бродарство, кајакарство и едриличарство; книги — стручна литература; антиквитети — уметнички дела; предмети од уметнички занаети; разни комплети за опрема на работилници, лаборатории и кабинети за ширење на техничката култура и други стоки (материјали) од дејноста на работната организација.

Претпријатието е основано од Советот на Народната техника на СР Македонија — Скопје, со одлука број 83 од 8. XII. 1964 година.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Никола Тодоров Сотировски, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 695/64. (1777)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 18, страна 61, е запишана под фирма: „Банат“ — претпријатие за производство на сточна храна и промет на сточна храна, жита, грав и ориз и производи од мелничката индустрија од Скопје — Работничка менза во Скопје. Предмет на работењето на мензата е: приготвување на топли јадења за службениците и работниците на претпријатието.

Работничката менза е основана од Работничкиот совет на Претпријатието „Банат“ — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Кале — Скопје број 04-10479 од 5. IX. 1964 година.

Раководител на мензата е Георгиевски Драган.

Работничката менза ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 492/64. (1778)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 171, страна 1087—1088, книга III, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со универзални стоки на големо и мало „Интерпромет“ од Скопје — Младинска стоковна куќа во Бутел I — Скопје. Предмет на работењето на стоковната куќа е: трговија на мало со сите видови текстилни стоки, разна конфекција, куси плетени и базарски стоки, машка, женска и детска галантерија, метална галантерија, електроинсталациони материјали, електро и термички уреди, звучни и музички апарати, плочи разни, хемикалии во оригинал опаковки, мебел, стакло, порцелан, разни универзални стоки за широка потрошувачка, приборчевзли, парфимерија и козметика, детски играчки, велосипеди, моторцикли, мотори, чоколади, бонбони, конзерви, сардини, кекси и други десерти, алкохолни и безалкохолни пијалоци во затворени шишиња.

Стоковната куќа е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие „Интерпромет“ — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Кале — Скопје број 04-7271 од 23. VI. 1964 година.

Раководител на стоковната куќа е Михајловски Благоја.

Стоковната куќа ќе ја потпишува, матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 657/64. (1779)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 66, страна 259 е запишано следното: Досегашниот в. д. управник на Земјоделската задруга „Нагоричко Поле“ од село Младо Нагоричане, Кумановско, Борис Лазаревски, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За управник на задругата е назначен Киро Величковски. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува со стариот регистриран потписник и тоа: Саве Спасовски, шеф на сметководството, сметано од 24. XII. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 801/63. (119)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. број 66, страна 259 е запишано следното: Досегашниот раководител на Погонот за откуп на селскостопански производи во село Младо Нагоричане, Куманово (со самостојна пресметка) на Земјоделската задруга „Нагоричко Поле" од село Младо Нагоричане, Александар Божиновски, е разрешен од должност. За нов раководител е назначен Спасовски Ристов Саве, кој нема да биде потписник, сметано од 3. II. 1964 година. Погонот ќе го претставува, задолжува и раздолжува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 54/64 (173)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 288, страна 641 е запишано следното: На досегашниот потписник на Работничката менза во Скопје на Фабриката за стакло и стаклена волна — Скопје, Тодоровски Ангеле, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За в. д. раководител на мензата е назначен Цветковски Смиле. Тој мензата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува со Латвиковски Петре, сметано од 22. II. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 100/64. (273)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните страна 617 е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Саат Кула — Скопје број 03-1-13250/63 од 30. III. 1964 година фирмата на Трговското претпријатие за откуп и промет на сите видови отпадоци на големо и мало „Наша суровина" од Скопје во иднина се менува и ќе гласи: Трговско претпријатие за откуп и промет со сите видови отпадоци и фелерични стоки на големо и мало „Наша суровина" — Скопје.

Дејноста на поменатото претпријатие со горецитираното решение во иднина е: откуп и продажба на сите видови отпадоци и промет со фелерични стоки на големо и мало.

Продажбата на дефектните стоки ќе ја врши на мало преку своите продавници во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 220/64 (577)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 205, страна 625, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Работничко-службеничкиот ресторан во Куманово на Фабриката за производство на крупна кожа — Куманово и тоа: Денковски Бошков Ангел, Георгиевски Стојанов Трајко и Љомов Андонов Андон им престанува правото да го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето.

За потписници на ресторанот се назначени следните лица: Георгиевски Трајков Петруш, домаќин, и Петровски Богданов Растислав, в.д. шеф на сметководството, сметано од 24. IV. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 225/64 (585)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр 16, страна 51 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Складот во Куманово на Трговското претпријатие за промет со нафта и нафтени деривати „Југопетрол" од Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Куманово број 04-3101/1 од 28. IV. 1964 година

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 265/64. (743)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 215, страна 683 е запишано следното: На досегашните потписници на Работничко-службеничката менза од затворен тип во Куманово на Чевларската индустрија „Чик" — Куманово и тоа: Јордан Илиевски, раководител, и Тихомир Стефановски, книговодител, им престанува правото за потпишување.

Работничко-службеничката менза во иднина ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето Милисав Маневски, директор, и Тихомир Стефановски, шеф на сметководството, сметано од 18. V. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 290/64. (862)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 215, страна 683 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата во Куманово на улица „Ленин" број 25 на Чевларската индустрија „Чик" од Куманово, согласно со Одлуката на Работничкиот совет број 479/6 од 1. II. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 328/64. (886)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 267, страна 691 е запишано следното. Покрај досегашните потписници на Претпријатието „Аутомакедонија" увоз-извоз — Скопје и тоа: Борис Панзов, директор, Добрила Грујиќ, самостоен книговодител, Георги Јованов Миничик, шеф на увозното одделение. Велко Стојановски, Димевски Иванов Димитар, секретар-правник, претпријатието ќе го потпишуваат задолжуваат и раздолжуваат и новоназначените потписници и тоа: Николовски Перо, директор на комерцијалниот сектор и Стефан Ристевски, шеф на одделението увоз-извоз, сметано од 15. VII. 1964 година, во границите на овластувањето

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 422/64. (1070)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 132, страна 361 е запишано следното: На досегашниот потписник на Сервисот за градежни материјали „Караорман" — Скопје Мачков Васил, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За нов потписник на сервисот е назначен Гударовски Крсте, шеф на сметководството. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со старите регистрирани потписници и тоа: Стевче Димовски, директор, Ругале Виктор, директор на производно сметководниот сектор, Вукашин Димовски, шеф на пословницата, Јордан Петровиќ, прв заменик директор, и Зафировски Светозар, сметано од 9. VII. 1964 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 405/64. (1071)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 426, страна 507 е запишано следното: На досегашниот потписник на Земјоделското стопанство „Душан Кириќ" од село Росоман, Титовелешко, Ѓоргиевски Костов Наум, в. д. директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност

За директор на стопанството е назначен со решението на работничкиот совет на стопанството број 808 од 6. VII. 1964 година Јаневски Орданов Ристо. Тој стопанството ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со стариот регистриран потписник Стоја-

нов Ѓорѓиев Славчо, шеф на сметководството, сметано од 29. VII. 1964 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 442/64. (1120)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 712, страна 41, книга II е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Саат Кула — Скопје број 03/1-10970 од 17. VII. 1964 година фирмата на Монтажно-инсталатерската задруга за водовод, централно греење и електрика „Југотерма" — Скопје се менува и во иднина е: „Југотерма" монтажно-градежна занаетчиска задруга — Скопје.

Со горецитираното решение на Собранието на општината Саат Кула — Скопје број 03/1-10970 од 17. VII. 1964 година и дејноста на задругата е: инсталација за водовод, гасни постројки и канализација, електро инсталација, поставање, поправање и одржување на електричните инсталации за осветлување и греење, како и вршење на сите други работи во врска со електрификацијата на градежните објекти и уреди за електрификација, браварска дејност од сите видови и градежни конструкции и сл.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр 483/64. (1193)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 308, страна 819 е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Титов Велес број 13538 од 25. II. 1964 година фирмата на Продавницата во Титов Велес на улица „Маршал Тито" бр. 74 на Претпријатието за обработка на чевли и облека „Партизан" — Београд во иднина се менува и ќе гласи: Белградска конфекција „Беко" — Београд — Продавница во Титов Велес.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 519/64. (1353)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 187, страна 495, книга I е запишано следното: На досегашниот потписник на Претпријатието за далекуводи и трафостаници — Скопје, Козаровски Иван, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За нов потписник на претпријатието е назначен Димитровски Љупчо, директор на сметководниот сектор. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Тасе Гавриловски, сметано од 14. IX. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 531/64. (1361)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15. IX. 1964 година под рег. број 7/64, книга II е запишано следното. Се проширува дејноста на Погонот во Охрид на Тутуновиот комбинат „Благоја Деспотовски-Шовељ" од Скопје и ќе гласи: вршење услуги на работни организации и приватни лица со својата механизација

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 330/64. (1372)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 18. IX. 1964 година под рег. број 232/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата во Битола на Новинско-издавачкото претпријатие „Народна задруга" од Скопје и ќе гласи: продажба на мало на книги и музикалии и канцелариски материјали, хартија, прибор за пишување и школски прибор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 333/64. (1418)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19. IX. 1964 година под рег. број 8/55, книга V е запишано следното: Престанува овластувањето на лицата Диме Филиповски и Војо Јакимовски да го потпишуваат Претпријатието за производство, откуп и обработка на тутун „Треска" од Македонски Брод. Се овластуваат лицата Чедомир Јовановски и Симо Стојчевски да го потпишуваат претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 326/64. (1423)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 691, страна 1087 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Трговското претпријатие за откуп и промет со сите видови дефектни стоки од сите производни гранки на големо и мало „Фелер" — Скопје, бидејќи со решението на Собранието на општината Саат Кула — Скопје број 01-13113 од 24. VI. 1964 година се припојува кон Трговското претпријатие за откуп и промет со сите видови отпадоци, фелерични стоки, стари употребливи ствари, демодирана стока како и сите видови на половни моторни возила на големо и мало „Наша суровина" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 541/64. (1443)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 691, страна 1087 е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Саат Кула — Скопје број 01-13113 од 24. VI. 1964 година кон Трговското претпријатие за откуп и промет со сите видови отпадоци и фелерични стоки на големо и мало „Наша суровина" — Скопје се припојува Трговското претпријатие за откуп и промет со сите видови дефектни стоки од сите производни гранки на големо и мало „Фелер" — Скопје.

Со решението на Собранието на општината Саат Кула — Скопје број 03/1-14119 од 16. VII. 1964 година и фирмата на Трговското претпријатие за откуп и промет со сите видови отпадоци и фелерични стоки на големо и мало „Наша суровина" — Скопје се менува и во иднина ќе гласи: Трговско претпријатие за откуп и промет со сите видови отпадоци, фелерични стоки, стари употребливи ствари, демодирана стока, како и сите видови на половни моторни возила на големо и мало „Наша суровина" — Скопје.

Со истото решение на Собранието на општината Саат Кула — Скопје и дејноста на Трговското претпријатие за откуп и промет со сите видови отпадоци, фелерични стоки, стари употребливи ствари, демодирана стока како и сите видови на половни моторни возила на големо и мало „Наша суровина" — Скопје е: откуп и продажба на сите видови отпадоци, промет со фелерични стоки, стари употребливи ствари, демодирана стока од сите производни гранки како и сите видови на половни моторни возила на големо и мало преку своите продавници.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр.626/64. (1444)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 765, страна 443, книга III е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Идадија — Скопје број 04-20604 од 19. IX. 1964 година седиштето на Претставништвото во Скопје на „Електробеоград" — претпријатие за промет со електротехнички материјал и техничка стока на големо — Београд се преместува во Скопје од улица „Никола Вапцаров" број 63 на улица „27 март" бр. 7 (подрачје на општина Идадија — Скопје).

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 562/64. (1476)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 850, страна 1111, книга Ш е запишано следното: Досегашниот в. д. генерален директор на Органско-хемиската индустрија во изградба „ОХИС" — Скопје, Костадин Аврамчев, со решение на Општинското собрание на општината Кисела Вода — Скопје број 399 од 23. IX 1964 година е назначен за генерален директор и како таков во иднина претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 1. X. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 564/64. (1520)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 208, страна 579 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата во Тетово, плоштад „Маршал Тито" број 2 на печатницата и книговезницата „Напредок" — Тетово, согласно со одлуката на работничкиот совет на претпријатието број 644 од 8. X. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 580/64. (1523)

---

Од Окружниот суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на ден 10. IV. 1964 година на страна 29, ред. број 5 е запишано следното: Се менува фирмата на Градското градежно претпријатие „Гранит" од Радовиш и во иднина ќе гласи: Работна организација за ниско и високо градба „Гранит" — Радовиш.

Промената е запишана во регистарот на основа одлуката на Работничкиот совет на претпријатието број 156 од 23. Ш. 1964 година и решението на Собранието на општината Штип број 01-1267/1 од 10. Ш. 1964 година

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 39/64. (1562)

---

